

КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
15 - 21 септември 2026 Билтен бр. 652

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА „15-ТИ СЕПТЕМВРИ“ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ДЕМОКРАТИЈАТАА НЕЗАВИСНОСТА!

Општина Карпош на своите граѓани им го честита 15-ти Септември-Меѓународниот ден на демократијата. Демократијата, како модел на општествено уредување, нè обединува да слушаме, да учествуваме во процесите и да креираме просперитет.

Вашиот глас е важен бидејќи Вашето учество носи промена.

Вашите идеи го движат Карпош напред.

Да го развиваме и градиме Карпош сите заедно-со отворен дијалог, меѓусебно почитување, како и заеднички идеи . Затоа што Карпош е нашиот заеднички дом, а неговата иднина ја создаваме сите ние заедно.



НОВА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ПОЕФИКАСЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Општина Карпош продолжува да ги унапредува своите капацитети преку воведување на современи технологии во секојдневното работење. Во таа насока, четворица вработени во општинската администрација успешно ја завршија обуката за управување со беспилотни летала (дронови), при што се стекнаа со сертификати за управување со ВБЕ (воздухоплов без екипаж). Сертификати за управување со беспилотно летало добија Душко Андонов и Жарко Радически, општински градежни инспектори, Јованче Цветановски, вработен во Одделението за екологија и енергетска ефикасност, и Саше Трајковски, камерман. Со успешно завршената обука, дронот е ставен во употреба во рамки на Секторот Инспекторат и истиот ќе претставува значајна технолошка алатка за поефикасно, побрзо и попрецизно вршење на инспекцискиот надзор на терен.

Неговата употреба ќе овозможи полесно согледување на состојбите на тешко достапни локации, визуелна документација на теренот, како и подобар увид во конкретни ситуации при спроведувањето на инспекциските постапки. Дронот ќе им биде достапен на сите инспектори во Секторот Инспекторат кои имаат потреба од ваков вид теренски надзор, а согласно потребите, неговата примена ќе може да се прошири и во работењето на останатите сектори во Општина Карпош.



ВО КАРПОШ СЕ ПРОМОВИРА УСЛУГАТА „ИТНО КОПЧЕ“ ЗА ПОДДРШКА И ЗАШТИТА ЗА ЛИЦАТА КОИ ЖИВЕАТ САМИ

Во Пензионерскиот клуб Влае, се одржа инфо сесија посветена на промоцијата на услугата „Итно копче“, која обезбедува 24-часовна поддршка и заштита за постари лица кои живеат сами, како и за лица со попреченост кои живеат во домашни услови. Услугата овозможува корисниците да се чувствуваат посигурно во својот дом, бидејќи во секој момент можат да добијат помош доколку се најдат во итна или ризична ситуација и не се во можност самостојно да реагираат. Со едно притискање на копчето, корисникот веднаш се поврзува со обучено лице, кое обезбедува психосоцијална поддршка, совет или, доколку е потребно, организирање соодветна итна интервенција.

Со оваа иницијатива се обезбедува поголема самостојност и сигурност на постарите лица и лицата со попреченост, овозможувајќи им побезбедно да функционираат во сопствениот дом. Истовремено, услугата придонесува за намалување на чувството на осаменост и на ризикот од несакани здравствени состојби и хоспитализација.

Инфо сесијата се реализира во рамки на континуираната соработка меѓу Општина Карпош и Црвен крст Скопје, како дел од проектот Healthy Aging



ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“ ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО И СЕМЕЈСТВОТО ПРЕКУ STEAM УЧЕЊЕ

ООУ „Вера Цириви-Трена“, како партнер во меѓународен проект, заедно со партнерски организации од Холандија, Хрватска и Словенија, учествуваше во развојот на TOGETHER Tool – практичен прирачник чија цел е да го зајакне поврзувањето меѓу училиштето и семејството преку заедничко STEAM учење. Алатката е наменета за наставници и родители и содржи практични насоки, идеи и активности преку кои науката, технологијата, инженерството, уметноста и математиката се поврзуваат со ситуации и предизвици од секојдневниот живот. Она што го издвојува TOGETHER Tool е акцентот на заедничкото учење и истражување. Децата и родителите се поттикнуваат заедно да поставуваат прашања, да експериментираат, да размислуваат, да создаваат и да бараат различни решенија. На тој начин, учењето станува можност за разговор, соработка и квалитетно поминато време во семејството.

Прирачникот нуди разновидни активности што можат да се реализираат и во домашни услови, со едноставни материјали. Преку практична и забавна работа, учениците ги применуваат стекнатите знаења и ги развиваат љубопитноста, креативноста, критичкото размислување и вештините за решавање проблеми. Учеството на ООУ „Вера Цириви-Трена“ во создавањето на оваа алатка претставува значајно искуство и можност за размена на знаења и добри практики со образовни партнери од повеќе европски земји.



ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во просториите на Општина Карпош, се одржа работилница посветена на стратегијата за локален економски развој, во организација и иницијатива на Министерството за локална самоуправа, на која учествуваа претставници и засегнати страни од повеќе општини од Република Северна Македонија. Целта на работилницата беше преку размена на искуства, знаења и добри практики да се придонесе кон подобро разбирање на локалната економија, како и кон подготовка на поквалитетни и поефикасни стратешки планови. Работилницата ја водеше Александар Караев, доктор по економија, искусен професионалец во областа на малите и средните претпријатија, претприемништвото и локалниот развој.

Во рамки на работната средба беа разгледани повеќе клучни аспекти, меѓу кои препознавањето на економските потенцијали и предизвици во локалните средини, идентификувањето на потребите на локалните бизниси и граѓаните, како и унапредувањето на соработката меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Стратегијата за локален економски развој претставува важна алатка за анализа и подобро разбирање на локалната економија. Преку согледување на расположливите ресурси, човечкиот капитал, инфраструктурата, бизнис-секторот, инвестициите и



„ШАРЕН ДЕТСКИ СВЕТ“ ЌЕ ГО КРАСИ ДВОРНИОТ ЅИД НА ГРАДИНКАТА „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ ВО КАРПОШ 4

Во детската градинка „Орце Николов“ во Карпош 4 започна изработката на муралот „Шарен детски свет“, со кој просторот наменет за најмладите ќе добие нов, креативен и весел изглед. Автор на муралот е уметникот Драган Китановски – Драш, кој преку својата уметност ќе го збогати просторот каде што секојдневно растат, играат и учат најмладите жители на Карпош. Во реализацијата на иницијативата денеска се приклучи и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој на ѕидот ќе остави свој личен белег преку сопствена креација посветена на децата. Муралот има за цел да внесе повеќе боја, креативност и позитивна енергија во просторот на градинката, создавајќи пријатна и инспиративна средина за најмладите. Општина Карпош продолжува со иницијативи за разубавување на јавните и детските простори, создавајќи средина во која децата растат со повеќе боја, креативност и радост.



НОВО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

Во ООУ „Владо Тасевски“, продолжува унапредувањето на спортската инфраструктура за најмладите преку реконструкција и изградба на модерно спортско игралиште за фудбал, кошарка и други спортски активности. Реконструкцијата се реализира преку соработка помеѓу Општина Карпош и Министерството за спорт, со што ќе се создаде современа спортска целина со нови терени и унапредени трибини. На увид во спортскиот простор присуствуваа градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и министерот за спорт, Борко Ристовски, кои ја истакнаа важноста на заедничките вложувања во спортската инфраструктура и создавањето подобри услови за младите.

Новото спортско игралиште ќе им овозможи на учениците да спортуваат во современи услови, да ги развиваат своите спортски вештини и да негуваат тимски дух, дисциплина и здрави животни навики. Заедничката соработка меѓу Општина Карпош и Министерството за спорт претставува чекор кон создавање повеќе и поквалитетни спортски содржини за најмладите.

Континуираното вложување во спортската инфраструктура е дел од заложбите за создавање средина во која децата ќе имаат можност активно да спортуваат и да ги развиваат своите потенцијали.
Затоа апелираме до сите граѓани совесно да ја чуваат и одржуваат урбаната опрема, која е наше заедничко добро и простор што го користиме сите.



ОД РЕЦИКЛИРАН БИО ОТПАД ДО ПОУБАВИ И ПОЗЕЛЕНИ УЧИЛИШНИ ДВОРОВИ

Во рамки на проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“, спроведен од Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ), во партнерство со Eco-Logic и Centar for Environmental Democracy- Florozon, учениците од ООУ „Аврам Писевски“ и ООУ „Јан Амос Коменски“, успешно ја реализираа акцијата за компостирање на собраниот органски отпад. Целта на овој проект беше добивање на природен и квалитетен компост преку правилен процес на третман на органскиот отпад. Произведениот компост, основците од „Јан Амос Коменски“ го употребија за уредување и раззеленување на училишниот двор, додека пак основците од „Аврам Писевски“, добиениот компост го искористија за уредување и збогатување на почвата во билната градина и целосно раззеленување на дворот на училиштето.

Општина Карпош продолжува со поддршка за реализација на активности и проекти со кои се унапредува грижата за здрава и чиста животна средина.



УШТЕ ЕДЕН УСПЕХ ЗА ГОРДОСТ ВО КАРПОШ

Со особена гордост го споделуваме најновиот шаховски успех на нашиот ученик Марко Стојановиќ од ООУ „Братство“, кој го освои првото место на меѓународниот младински турнир „Lake Queen“ во Струга. Овој значаен резултат е уште една потврда дека талентот, посветеноста, дисциплината и вложениот труд носат врвни резултати. Марко е пример за младите дека со упорност и љубов кон она што го работат, може да се постигнат значајни успеси и да се претстави своето училиште и општина на најдобар начин. Горди сме на нашите ученици кои постојано нè радуваат со своите достигнувања и успеси.

Како и досега, продолжуваме да ги поддржуваме, охрабруваме и поттикнуваме младите да го развиваат својот потенцијал и да ги остваруваат своите соништа.Преку реализација на вакви активности, ООУ „Војдан Чернодрински“ придонесува кон развивање на емоционалната писменост, самодовербата, чувството на сигурност и социјално-емоционалните вештини кај учениците.



3,5 ТОНИ ТЕКСТИЛЕН ОТПАД СОБРАНИ ВО КАРПОШ

Инспекциските служби на Општина Карпош одржаа работна средба со колективниот постапувач „Еко Текс – Груп“ од Скопје, со цел проверка на досегашната реализација на активностите за собирање текстилен отпад, согласно договорот склучен во мај 2025 година. Како дел од акцијата, специјални контејнери за текстилен отпад се поставени во сите десет основни училишта на територијата на Општина Карпош, дестките градинки, како и пред административната зграда на Општината. Според досегашните податоци, преку поставените собирни места се собрани околу 3.500 килограми стара облека и текстилен отпад, што претставува значаен резултат и показател за зголемената свест кај граѓаните за правилно управување со отпадот.

Со оглед на успешноста на акцијата, Општина Карпош и „Еко Текс – Груп“ ќе ја продолжат соработката и во наредниот период. Општина Карпош ги повикува граѓаните одговорно да го одлагаат стариот текстил исклучиво во поставените контејнери, со што заеднички придонесуваме кон почиста животна средина и поодговорно управување со отпадот.

Селектирајте. Одложувајте одговорно.

Да ја чуваме животната средина заедно.

